отчет 2021>2023

# Орце Ѓорѓиевски

**големи идеи** *за сериозни промени*

КИСЕЛА ВОДА

## отчет 2021 - 2023



**Орце Ѓорѓиевски**
Градоначалник на општина
Кисела Вода

**Почитувани сограѓани, ценети мои соседи,
драги жители на општина Кисела Вода,**

Изминаа две години од моментот кога преку вашиот глас, одлучивте да ми ја дадете довербата за да управувам со промените кои и' беа неопходни на нашата Кисела Вода, да ги реализирам проектите за кои децении наназад чекавте и кои ќе го променат на подобро нашето живеење, а на општината ќе и го сменат нарушениот имиџ. Да се живее во најстарата општина во главниот град, секаде во светот е гордост и престиж. И тоа е нешто кое мора и интензивно работиме да го донесеме кај нас. Доказ за ова се страниците кои стојат пред вас, за сработеното кое во целост го потврдува слоганот“големи идеи, за сериозни промени. Со големо задоволство сакам да истакнам дека после само две години, 90 проценти од проектите кои ги содржи мојата четиригодишна програма се веќе реализирани, што ни дава полно право целосно да бидеме задоволни - и јас, како градоначалник, но и вие.

Со огромна енергија и посветеност, работевме на инфраструктурната обнова. Патната мрежа, која од сите претходни раководства беше занемарена беше наш врвен приоритет. Инвестиравме во реконструкција на улици кои на овој зафат чекале по 30, 40 некогаш и по 50 години.Работејќи етапно и темелно, населба по населба, овие две години ги завршуваме со преку 44 км асфалтирани или поплочени улици. Сообраќајниците низ Драчево, Црниче, Пржино, Потстаница, 11 Октомври Бараки, 11 Октомври Згради, Цветан Димов, Пинтија, Припор после градежната офанзива станаа непрепознатливи, сега обезбедувајќи квалитетен и удобен сообраќај, едновремено менувајќи го ликот на целата населба на подобро. Ветувањето што го дадов пред вас, дека во Општина Кисела Вода нема да има неасфалтирана улица наскоро ќе биде во целост реализирано, бидејќи нашата работа не сопира.

Истовремено, инвестиравме во подземната инфраструктура, обновувајќи ја водоводната, атмосферската и фекалната канализациона мрежа. Низ цифри, двете години ги заокружуваме со изградена или обновена атмосферска мрежа од 5470 метри, фекална канализациона мрежа од 6690 метри и водоводна мрежа од 3610 метри.Недозволиво е во 21-виот век да дискутираме за вакви недостатоци кои се елементарна потреба за живеење и токму затоа уште од првиот ден на мојот мандат се зафативме со решавање на овој горлив проблем. Ќе илустрирам со месноста Поруппи каде изградивме водоводна мрежа од околу 1.5 км и конечно после 60 години чекање населението доби квалитетна вода за пиење. Со големо задоволство сакам

да информирам дека обезбедивме финансиски средства за капиталниот проект за изградба на вкупно 9.2 км атмоферска и фекална канализација во населбата Стаклара (Каменик). Ова, децении наназад го чекаа преку 500 семејства и безмалку сите бизнис ентитети лоцирани во овој дел на општината.
Говорејќи за големите проблеми на скопјани од кои не се изоставени ни жителите на Општина Кисела Вода, мора да го спомeнеме недостигот од паркиралишта. Пред две години ветив дека ќе изградиме 1000 нови паркинг места, а по само две години таа бројка е надмината и изнесува 1300 нови локации за паркирање со кои се подобрува сообраќајот во мирување. Секако, и овие бројки ни оддалеку не се конечни и ние, како локална самоуправа продолжуваме да изнаоѓаме нови решенија за надминување на проблемот со паркирањето.

Сакам да ја споменам и изградбата на двата затворени современи пазари. Прво, во центарот на Кисела Вода, кој го изградивме и пуштивме во употреба пред една година и вториот кој интензивно се гради во Драчево и наскоро ќе овозможи одлични услови за работа и за пазарџиите и за локалното население кое тука ќе се снабдува со градинарски и земјоделски производи.

Општина Кисела Вода вложува значителни средства во основните училишта и јавните детски градинки, бидејќи ние како нејзино раководство силно веруваме дека образованието е од суштинска важност за напредокот и развојот на секое општество. Зборувајќи за училиштата, ова значи инвестирање во инфраструктура за подобри услови за настава,реконструкција на училишните објекти, целосна реконструкција на спортските сали, изградба на современи спортски терени за поддршка на физичката активност и здравјето на младите. **Сакам да го издвојам проектот за дигитализација на училиштата преку кој успеавме да ги опремиме со смарт уреди сите учлници во основните училишта на наша територија**. На ова претходеше минатогодишниот проект “Компјутер за секој наставник”, а секако тука е ипроектот “Ранче за секое прваче” кој стартуваше од Општина Кисела Вода, но како квалитетен беше препознаен и имплементиран и од многу други општини низ Македонија. Од оваа година финансираме и дневен научно-истражувачки центар каде најнадарените ученици можат да ги надградуваат своите знаења. Овие ученици дополнително се наградени од нашата локална самоуправа преку проектот за стимулирање на талентите од овој дел на градот.

**Исто така овозможивме сите училишта да имаат сензорна соба, што е од голема помош за учениците со попреченост.**

Грижата за децата со посебни потреби се огледува и преку тоа што по градежните зафати, Кисела Вода е првата општина каде функционира училишен објект и јавна детска градинка кои се целосно инклузивни. Станува збор за ООУ “Кузман Јосифовски Питу” и новоизградената градинка во Усје, “Симба”.

Токму со градинката “Симба” обезбедивме 100 од 300 новоотворени места во градинките. Покрај неа ја ставивме во функција и градинката “Пеперутка 3” во Драчево, а го проширивмеи капацитетот на објектот “Кокиче”.Изготвени се проекти за уште два нови објекти со кои целосно ќе ги затвориме наследените листите на чекање во градинките на кои имаше преку 450, а сега имаме под 80 деца. Паралелно, вложивме 17 милиони денари во опрема на градинките и нивно снабдување со играчки, дидактички материјали и сето она што овозможува позитивен ран детски развој за нашите најмлади.

Би сакал да проговорам и за обновата и изградба на спортската инфраструктура, со посебен акцент врз запуштените спортски терени и локации кои некогаш беа култни места.За само две години успеавме да возобновиме, изградиме или доведеме до фаза на градба дури девет вакви спортско-рекреативни терени.

Со интензивни градежни активности го вративме сјајот на “Славија” , “Оксиген”, Теферич, на местото од депонијата во Дупки изградивме нов рекреативен парк “Феникс”, каде покрај другите содржини има и полигон за велосипеди и кино на отворено. Го изградивме паркот “Иднина” кај кружниот тек во Кисела Вода, рекреативен центар изградивме и во Усје, во близина на крстот, сличен зафат спроведовме и во населбата Драчево, потоа во Потстаница, како и во дворовите на училиштата “Партенија Зографски” и “Круме Кепески”.

Во сите овие комплекси внимававме да има мноштво од зелени површини бидејќи Кисела Вода во минатото имаше многу малку процент на паркови, што претставува голем еколошки проблем. Ова посебно сакам да го нагласам бидејќи новоизградените паркови настанаа на места каде што постоеја диви депонии. Нивното сузбивање и претворање во пожелни локации за дружба ќе продолжи и понатаму, како стратегија за почиста и позелена Кисела Вода. Паралелно, нема да изостане пошумувањето, чистењето на дивите депонии, ациите за бесплатно подигнување на кабастиот отпад, кои цел овој период редовно ги спроведуваме во партнерство со нашите жители.

Посебен дел во ова отчетно обраќање сакам да издвојам за областа урбанизам во која бележиме значаен напредок. Од симбол за криминал и корупција и општина, често поврзувана со урбаната мафија, денес Кисела

Вода е првата дигитализирана општина на Балканот која за граѓаните обезбеди услуги по електронски пат. Ова, само по себе говори за новиот начин на работа. За транспарентноста, ефикасноста, брзината на делување и почитувањето на законите. Идните градби во Пржино и Црниче ги ограничивме до четири станбени единици и на тој начин оневозможивме да се градат згради со издадена дозвола за градење на куќа.

Со големо задоволство, сакам да информирам дека е завршен Меѓународниот конкурс за идејниот лик за ДУП-от за Расадник, прв во Македонија после 1965 година, и во моментов жири комисијата која исто така има меѓународен карактер, одлучува по пристигнатите трудови. Расадник кој претходното раководство сакаше да го загуши со 99 згради, сега ќе се уредува согласно принципите за хумано живеење. И она што е најважно, во целиот процес се вклучени граѓаните и целокупната стручна јавност. Бидејќи нашиот интерес се жителите, а не урбаната мафија.

Водејќи грижа дека Кисела Вода е дом за сите наши граѓани, во овој период кога нашата земја е зафатена од силна економска криза, значаен дел од нашите проекти ги насочивме и кон финасиски немоќните семејства. На социјално загрозените лицаим ги субвенционираме сметките за електрична енергија, целодневниот престој  на нивните деца во двете јавни детски градинки, го субвенционираме оброкот од целодневната настава и дневниот престој во основните училишта, летово ги пративме и на бесплатно летување, им обезбедивме бесплатни часови по странски јазици и бесплатен спорт, кој од оваа година е достапен за сите наши ученици. Тука се и проектите за бесплатно ранче и училишен прибор за сите првачиња од општината, бесплатни униформи за сите ученици од прво до деветто одделение кои наскоро ќе ги добијат. Субвенции даваме и за огревно дрво, за пелети и печки на пелети, за реконструкција на фасади и санација на лифтови. “Од човек за човек” е мотото под кое ги реализираме сите акции и проекти кои и понатаму ќе продолжат да им го олеснуваат живеењето на нашите социјално загрозени жители.

Голем е бројот на проекти наменети за лицата со попреченост и за постарите и немоќни лица. Отворен е дневен центар за терапија за лица со попреченост над 18 години. Во соработка со Црвениот крст отворивме Центар за нега и грижа на стари лица и лица со намален функционален капацитет кои добиваат нега во домот од страна на лиценцирани негователи. Ним им обезбедивме и бесплатен транспорт за одредена здравствена, социјална или друга административна услуга. Отворивме и центар за социализација на децата со церебрална парализа кој е финансиран лично од мене и мојот кабинет. За нив обезбедивме и ваучери за физикална терапија.

И оваа и минатата година ја збогативме билиотеката на децата со оштетен вид од ДУРМДОВ Димитар Влахов со книги напишани со Брајово писмо. Децата со попреченост активно учествуваат и во сите наши настани од културата.Летово под наше покровителство, се одржа и неколкудневен фестивал на инклузија со цел подигнување на свеста за ова општествено прашање. Очигледно е дека во Кисела Вода, инклузивноста не е само апстрактен концепт на хартија.

На крајот би сакал да проговорам малку и за културно-забавниот живот во општината кој преку сето она што го реализиравме, ја дефинираше Кисела Вода како средиште на уметноста, на културните и забавните случувања кои се посетени од десетици илјади граѓани. После сите наши инвестиции во културата, бројните манифестации, концерти, финансиската поддршка на уметниците од овој дел на градот, се чини дека целосно го оправдавме слоганот на овогодинешниот роденден-”Кисела Вода- 68 години незаборавна приказна која станува се’ подобра”.

Почитувани граѓани,

Во целиот овој процес на имплементација на големите идеи што ги трансформиравме во сериозни промени во нашето опкружување, клучни беа вашата поддршка и доверба. За ова сакам од срце да ви се заблагодарам.

Да се реализира 90 проценти од програмата за само две години, никако немаше да биде можно и без тимот со кој работам секојдневно, без администрацијата која се прилагоди на новата динамика на работа, како и на советот на општината, неговиот претседател и сите советници кои ги поддржаа нашите иницијативи и овозможија реализација на проектите. Искрено ви благодарам!

Сигурен сум дека заедно можеме да постигнеме уште поголеми успеси и да ја направиме Кисела Вода престижно место за живеење, работа и инвестирање. Затоа, со уште поголема преданост и енергија продолжуваме. Со големите идеи за сериозни промени.

Ви благодарам.
Орце Ѓорѓиевски
Градоначалник на општина Кисела Вода

# ОБНОВА НА ПАТНА ИНФРАСТРУКТУРА

## УЛИЦИ, ТРОТОАРИ

2021 - 2022 - **2023**







# ЦВЕТАН ДИМОВ

## 2021/**22**

- ✓ дел од улица „Дичо Петров“ и улица „Тоне Томшиќ“
- ✓ крак на улицата „Мишко Михајловски“




## 2022/**23**

- ✓ Тоне Томшиќ
- ✓ Мишко Михајловски
- ✓ дел од Дичо Петров
- ✓ Целосна реконструкција на “Вера Јоциќ” со краците и паркинзите и изградба на нов паркинг
- ✓ Целосна реконструкција на улицата “Емил Зола” со краците и паркинзите

# ПИНТИЈА

## 2021/**22**

### Поплочување со павер елементи

- ✓ кракот 18 од улица „Саса“
- ✓ кракот 32 од улица „Саса“
- ✓ кракот 30 од улица „Саса“

### Асфалтирање

- ✓ улица „Саса“ - 900 м

## 2022/**23**

### Поплочување со павер елементи

- ✓ Саса 18, крак 1, 2, 3, 4 и 5 - 737 м
- ✓ Краци на улица Саса 32 - 178 м
- ✓ Новопроектирана - 668 м



## БИРАРИЈА

2022/**23**

- ✓ Асфалтиран крак на ул. “Томе Арсовски” (ул.”Гогољ”)



**60 m** асфлат

## ПОДСТАНИЦА



**1650 m** асфлат

**223 m** павер елементи

2022/**23**

- ✓ Улицата „Сердарот” доби нов асфалт и е проширена, изградена е пешачка зона и 4 паркинзи со околу 100 паркинг места.
- ✓ два крака на сердарот поплочени со павер елементи
- ✓ Изграден нов мини плоштад кој ќе биде место за собирање на сите жители од Потстаница.

## УРБАНА ЗАЕДНИЦА **КИСЕЛА ВОДА**

2021/**22**

- ✓ Асфалтирање на улица „Димо Хаџи Димов“
- ✓ Асфалтирање на улица „Марко Орешковиќ“




**3350 m** асфлат

**473 m** павер елементи

2022/**23**

- ✓ дел од улицата Димо Хаџи Димов
- ✓ крак од ул.Марко Орешковиќ
- ✓ Асфалтирана улица “Козјак”, изградени нови пристапни патеки, поплочени со павер елементи и поставена урбана опрема
- ✓ Реконструкција на улица “Локов” и реконструкција на постоечкиот паркинг простор
- ✓ пристапна патека на ул. “Дебарска”

## ПРИПОР

**1100 m**
асфлат

2022/**23**

- ✓ Христо Татарчев, крак 21а (250 м)
- ✓ Христо Татарчев, крак 21а (50 м)
- ✓ Христо Татарчев, крак 23 (270 м)
- ✓ Христо Татарчев, крак 22а, (80 м)
- ✓ Христо Татарчев, крак 24 (300 м)
- ✓ Асфалтирана улицата кај црквата (150 м) и изграден паркинг простор

**Во тек се работи на реконструкција на фекалната канализација на кракот 25 (500метри). Откако ќе биде завршен овој зафат, истата ќе биде асфалтирана.**
**-се планира крак 20, 200 метри**

**700 m**
планирани асфлат





**11397 m**
асфлат

**3093 m**
павер елементи

## УРБАНА ЗАЕДНИЦА **ПРЖИНО**

2021/**22**

- ✓ улица „Пржино“
- ✓ три крака од улица „Пржино“
- ✓ Стрмешево
- ✓ Благоја Гојан
- ✓ крак на Милан Мијалковиќ
- ✓ Пандо Кљашев
- ✓ Малина Поп Иванова
- ✓ Пеју Јаворов
- ✓ Караџица
- ✓ Кара Трифун
- ✓ Крак на улица „Полог“
- ✓ Полог
- ✓ Виктор Григоријевиќ
- ✓ Кочанска
- ✓ Зеленгора
- ✓ Мегленска

2022/**23**

- ✓ ул. Пржино,
- ✓ три крака од ул. Пржино
- ✓ Стрмешево
- ✓ крак на ул. Милан Мијалковиќ
- ✓ Пандо Кљашев
- ✓ Малина Поп Иванова
- ✓ Пеју Јаворов
- ✓ Караџица
- ✓ Кара Трифун
- ✓ Крак на ул. Полог
- ✓ Полог
- ✓ Виктор Григоријевиќ
- ✓ Кочанска
- ✓ Зеленгора
- ✓ Мегленска
- ✓ Благоја Гојан

## УРБАНА ЗАЕДНИЦА **УСЈЕ**

### 2021/**22**

- ✓ реконструкција со павер елементи на краци на улица „1”
- ✓ Санација на платото на последната автобуска станица и улиците околу новата градинка
- ✓ Санација на улиците „3“ и „4“

### 2022/**23**

- ✓ Улица “3”
- ✓ Улица “4
- ✓ Крак од Борис Трајковски
- ✓ Ул “1”



**3500 m**
асфлат

## УРБАНА ЗАЕДНИЦА **РАСАДНИК**

**215 m**
асфлат

**578 m**
павер елементи





### 2021/**22**

- ✓ Патека на улица „Ѓорѓи Димитров“ 215 метри.
- ✓ УЗ Расадник 215 метри павер елементи

### 2022/**23**

- ✓ Реконструкција на пристапни патеки околу кулите во расадник
- ✓ Патека на ул. Ѓорѓи Димитров

## УРБАНА ЗАЕДНИЦА **11 ОКТОМВРИ ЗГРАДИ**

### 2021/**22**

- ✓ Реконструкција на улицата „Пушкинова“ со краци

**1570 m**
асфлат



### 2022/**23**

- ✓ Ѓорѓи Сугаре” со сите нејзини краци и реконструкција на паркингот
- ✓ кракот на улицата „Михаил Чаков” и изградба на три нови паркинзи
- ✓ Реконструкција на улицата ”Пушкинова” со крации изградба на три нови паркинзи

## УРБАНА ЗАЕДНИЦА **11 ОКТОМВРИ БАРАКИ**

**1845 m**
асфлат

### 2022/**23**

- ✓ Рехабилитација на „Петар Драпшин” со нови тротоари
- ✓ Нов асфалт и тротари за „Ефтим Спространов”
- ✓ „Лазар Димитров”
- ✓ „Лав Толстој”
- ✓ Крак на ул. “Борис Трајковски” бр 10
- ✓ Крак на “Петар Драпшин” (ул.”Андреја Димишков”)

## ЦРНИЧЕ

### 2021/**22**

**Реконструктивни зафати на:**

- ✓ Рилски Конгрес
- ✓ Банско
- ✓ Наум Охридски
- ✓ Крак на улица „Благоја Гојан“

### 2022/**23**

- ✓ Рилски Конгрес”
- ✓ Банско
- ✓ Наум Охридски



**2320 m**
асфлат

## НАСЕЛБА И СЕЛО **ДРАЧЕВО**

2021/**22**

### Санација на улици:

- ✓ Иван Хаџи-Николов
- ✓ Иван Мештровиќ
- ✓ Радослав Петковски
- ✓ Робеспјерова
- ✓ Ризо Ризов
- ✓ Стари Новакија
- ✓ Роман Ролан
- ✓ Јанко Мишиќ
- ✓ Румена Хаџипанзова
- ✓ Чупино Брдо
- ✓ Дарвинова
- ✓ Шандор Петефи
- ✓ Славка Динкова
- ✓ Павер елементи на крак од улица „Киро Фетак“
- ✓ Павер елементи на крак од пат кон Лисиче
- ✓ Драчевска
- ✓ Бистра
- ✓ Живко Фирфов
- ✓ Павер елементи на улица „Јаневска“
- ✓ Раде Ракиќ
- ✓ Иван Мажураниќ
- ✓ Иван Тургењев

**Продолжува проширувањето на булеварот Борис Трајковски кон Драчево и негова трансформација во модерна сообраќајница со четири ленти**

**2532 m** асфлат

**1850 m** планирани асфлат

**580 m** павер елементи

## СЕЛО **ДРАЧЕВО**

2022/**23**

- ✓ Порупи - улицата “Илија Ристевски” и нејзините краци-1480 метри
- ✓ Изградена пешачка патека на ул. Сердарот со павер елемети 325 метри
- ✓ Крак на улица партизански пат 202.5 метри
- ✓ Улица „Чучевска”
- ✓ Лани дел од Речиште 400 м
- ✓ Улица кај Оксиген 250 метри
- ✓ поплочување со павер елементи на крак од ул. Илија Ристевски
- ✓ Патека поплочена со павер елементи на дел од ул. Сердарот
- ✓ Два крака на “Јустинијан Први’
- ✓ **Планирани во село Драчево:** Корџевска, Мишевска и Домазетовска
- ✓ Речиште 2 со краците



# НАСЕЛБА **ДРАЧЕВО**

## 2022/**23**

### Реконструкција на улици:

- ✓ Реконструкција на “Малешевска”, долга 1 км со нови тротоари и ЛЕД осветлување
- ✓ Улица Маркова Река
- ✓ Асфалтрана Бранко Заревски нови тротоари и ЛЕД осветлување
- ✓ “Ниџе Планина”, на делот помеѓу улиците “Славка Динова” и “Гандиева”
- ✓ Реконструкција на улица „Герника” во Драчево
- ✓ реконструкција на улиците “Гутенбергова” , крак на “Волтерова”, “Марија Кири”и “Ѓорѓи Војтех”, сите со изведба на нови тротоари

### Поплочување со павер елементи

- ✓ крак на ул. Киро Фетак
- ✓ крак на Малешевска поплочен со павер елементи-
- ✓ крак на Малешевска
- ✓ крак од улица Киро Фетак
- ✓ крак од пат кон Лисиче
- ✓ улица Јаневска



### Санација на улици:

- ✓ “Иван Хаџи-Николов”
- ✓ Иван Мештровиќ
- ✓ Радослав Петковски
- ✓ Робеспјерова
- ✓ Ризо Ризов
- ✓ Стари Новакија
- ✓ Роман Ролан
- ✓ Јанко Мишиќ
- ✓ Румена Хаџипанзова
- ✓ Чупино Брдо
- ✓ Дарвинова
- ✓ Шандор Петефи
- ✓ Славка Динкова
- ✓ Улица Драчевска
- ✓ Ул. Бистра
- ✓ Живко Фирфов
- ✓ Раде Ракиќ
- ✓ Иван Мажураниќ
- ✓ Иван Тургењев

**13591 m** асфлат

**614 m** павер елементи

# ПАРКИНГ ПРОСТОР

## ПАРКИНЗИ

2021 - 2022 - **2023**



# ИЗГРАДЕНИ И РЕКОНСТРУИРАНИ ПАРКИНЗИ

**1200**
места

## 2021/2022/23

- улица "Ѓорѓи Сугаре"- реконструкција на постоечкиот паркинг 50 возила
- Михаил Чаков за 100 возила
- улица "Локов"-реконструкција на постоечкиот паркинг 50 возила
- нов паркинг за околу 30 возила кај Тинексот во Драчево
- "Вера Јоциќ" реновирани постоечките паркизни 30 возила и изградба на нов паркинг за 70 возила, вкупно 100 возила
- "Емил Зола" реконструирани двата постечки паркинзи и изграден нов паркинг, вкупно за 50 возила
- улица Пушкинова изградени три паркинзи за 50 возила
- Изградени 4 паркинзи во Потстаница, на улицата „Сердарот" за 100 возила
- паркинг простор во ООУ "Круме Кепески"за околу 50 возила
- паркинг во ДУПКИ, игралиште "Феникс" за околу 25 возила
- Паркинг простор на ул. "Ѓорѓи Димитров" за 65 возила
- Паркинг во Расадник (кај Ексклузив) за 90 возила
- Паркинг во Расадник (спроти салата) за 100 возила
- Паркинг кај бензиската кај Мечкаров за 60 возила
- Паркинг на ул. Бранко Заревски во Драчево за 50 возила
- Паркинг во населбата Цветан Димов до градинката Весели Цветови-клон Мимоза, за 50 возила
- Паркинг на ул. Христо Татарчев" во 11 Октомври Згради за 70 возила

**Планирани:**

Паркинг простор кај новиот пазар во населба Драчево за 130 возила

Паркинг во Расадник за 100 возила









# ПОДЗЕМНА ИНФРАСТРУКТУРА

## ВОДОВОДНА МРЕЖА, АТМОСФЕРСКА И ФЕКАЛНА КАНАЛИЗАЦИЈА

2021 - 2022 - **2023**

# ФЕКАЛНА КАНАЛИЗАЦИЈА

## 2021/22

- ✓ Фекална канализација во 11 Октомври Бараки во должина од 1340 m.
- ✓ Фекална канализација на дел од улица „Речиште” во село Драчево во должина од 400 m.
- ✓ Фекална канализација на улицата „14 Декември”  и крак на улица „Димо Хаџи Димов”, вкупно 540 m.
- ✓ Фекална канализација на дел од улицата „Илија Ристевски“ во должина од 130 m.
- ✓ Фекална канализација на улиците: „Жил Верн“, „Стојан Стојановски“, „Трпе Петровски” и „Јордан Филиповски“ во УЗ Цветан Димов во должина од 800 m.
- ✓ Фекална канализација во Усје во должина од 400 m.
- ✓ Проектот за фекална канализација во УЗ Каменик е во фаза на реализација.

## 2022/23

- ✓ населба Градинар
- ✓ Продолжување на фекална канализација на ул. „Сердарот“ -Потстаница
- ✓ Изведба на фекална канализација на ул. Ефтим Спространов и ул. „Лав Толстој„ во нас. „11 Октомври“ - бараки
- ✓ Во тек е изведба на фекална канализација на ул. „Христо Татарчев“ крак 25 нас. Припор
- ✓ Благоја Гојан
- ✓ Крак на ул.“Малешевска 1”
- ✓ Населба Пинтија на улица „САСА 2“ или „1520“ е во изработка и истиот ќе биде реализиран на крај на  2023 година.





**6690 m**

фекална мрежа

# АТМОСФЕРСКА КАНАЛИЗАЦИЈА

## 2021/**22**

- ✓ Изградбата на атмосферска канализација на улицата „14 Декември“ и крак на улица „Димо Хаџи Димов“, вкупно 540 m.
- ✓ Промена на атмосферска канализација на улица „Св. Наум Охридски“ во Црниче 1250 m.
- ✓ Атмосферска канализација на улиците: „Жил Верн“, „Стојан Стојановски“, „Трпе Петровски“ и „Јордан Филиповски“ во УЗ Цветан Димов на должина од 800 m.
- ✓ Изградба на атмосферска канализација на 880 m на улица „Славка Динкова” во н. Драчево.
- ✓ Изградба на атмосферска канализација на 1000 m на улиците „Димо Хаџи Димов” и „Божидар Аџија” во населбата Цветан Димов.

## 2022/**23**

- ✓ Малешевска – изградба на попивателни бунари
- ✓ Изготвени проектите за фекална и водоводна мрежа во Стаклара во вкупна должина од 9.2 километри, која ќе чини околу 110 милиони денари.
- ✓ Фекалната канализациона мрежа ќе биде во должина од 5.7 километри, додека водоводната во должина од 3.5 километри.



**5470 m**
атмосферска канализација

# ВОДОВОДНА МРЕЖА

## 2021/2022/**23**

- ✓ улица “Илија Ристевски” и нејзините краци во Порупи
- ✓ “Корџевска” и “Домазетовска” и “Мишевска”и “Чучевска” во селото Драчево-околу
- ✓ ул. “Речиште 2” со краците улиците “Церска” и “Христо Узунов”



**3610 m**
водоводна мрежа

# КАПИТАЛНИ ОБЈЕКТИ

## 2021/**22**

- ✓ Започна изградба на првиот модерен затворен пазар во Кисела Вода.
- ✓ Потпишан Договор за санирање на Домот на култура „Билјана Беличанец“.
- ✓ Се изготвува техничка документација за санација на мостот на улица „Киро Фетак“.
- ✓ Се гради 63 метарски крст во Драчево.
- ✓ Во финална фаза градежните активности за идниот противпожарен дом во дел од објектот а.д. „Цементарница Усје“



## 2022/**23**

- ✓ Изграден и ставен во функција првиот модерен затворен пазар во Кисела Вода
- ✓ Во напредна фаза изградбата на вториот затворен пазар, лоциран во Драчево
- ✓ Во завршна фаза санирањето на Домот на култура “Билјана Беличанец”
- ✓ Изготвената техничка документација за санација на мостот на улица Киро Фетак е во процес
- ✓ Се гради 63 метарски крст во Драчево
- ✓ Партерно уреден дворот на манастирот “Св. Пророк Еремија”
- ✓ Параклисот на ул. Петар Делан, во близина на објектот на Општината се уредува со фрески. Постоечкиот зелен простор околу него ќе биде уреден и проширен
- ✓ Партерно уредување и санација на црквата „Св.Петка”, поставено осветлување и дренажен систем околу храмот







# ПАРКОВИ, УРБАНА ОПРЕМА, ДЕТСКИ ИГРАЛИШТА И СПОРТСКО РЕКРЕАТИВНИ ЦЕНТРИ

2021 - 2022 - **2023**







# ПАРКОВИ, УРБАН ОПРЕМА, ДЕТСКИ И СПОРТСКИ ИГРАЛИШТА И РЕКВИЗИТИ

## 2021/**22**

- ✓ Изграден самоодржлив парк „Иднина“, на кружниот тек помеѓу урбаните заедници Кисела Вода и Припор.
- ✓ Изградено детско игралиште во паркот „Иднина“.
- ✓ Се гради парк во месноста Дупки на местото од поранешната депонија.
- ✓ Целосно реконструирано е детското игралиште во парк Македонија, УЗ Кисела Вода, изградено е ново фитнес игралиште, уште едно детско катче во форма на брод и како новитет, поставена трамболина за деца.
- ✓ Целосна реконструкција на две детски игралишта на улица „Димо Хаџи Димов“ и до бул. „Борис Трајковски“ (кај Шумарите) во УЗ 11 Октомври Бараки. На улица „Димо Хаџи Димов“ изградено и фитнес игралиште.
- ✓ Поставени спортски реквизити во ООУ „Партенија Зографски“.
- ✓ Поставена урбана опрема во градинката во Драчево.
- ✓ Санација на детско игралиште во УЗ Цветан Димов, спроти општина Кисела Вода.
- ✓ Летниковец, детско и фитнес игралиште во Бирарија на улица „Томе Арсовски“.
- ✓ Поставена урбана опрема и реквизии за детско игралиште во парк под улица „Јустинијан I“, населба Драчево.
- ✓ Поставена урбана опрема, летниковец со клупи и реквизити за детско игралиште на улица „Михаил Чаков“.
- ✓ Поставена урбана опрема, летниковец со клупи на улица „Борис Трајковски“, спроти Авто Македонија.
- ✓ Санација на детско игралиште во Расадник.
- ✓ Санација на детско игралиште кај Мечкаров, во Расадник.
- ✓ Реконструкција на игралиштето на улицата „Јабланица“ - спортски центар Пинтија.
- ✓ Изградена велосипедска патека на улицата „Наум Охридски“ во Црниче, чекор кон создавање велосипедска инфраструктура низ Кисела Вода 600 m.
- ✓ Реконструирана фонтаната во паркот Шопен.
- ✓ Осветлено детското катче во Паркот на бранителите во Драчево.
- ✓ Поставени нови светлосни линии, целосно осветлена трим патеката.
- ✓ Поставен светлосен рекламен знак „Ја сакам Кисела Вода”.



## МОДЕРЕН СПОРТСКИ КОМПЛЕКС **„СЛАВИЈА“**

2022/**23**

На површина од 1350 квадратни метри:

- ✓ Изградени најсовремено тениско, кошаркарско, фудбалско игралиште и терен за пинг понг, создадени според највисоките меѓународни стандарди.
- ✓ Поставена е и урбана опрема, ограда и осветлување

## **ООУ „КРУМЕ КЕПЕСКИ“** - СПОРСТКО ИГРАЛИШТЕ

2022/**23**

- ✓ Ново фудбалско и детско игралиште, како и паркинг простор во ООУ “Круме Кепески”
- ✓ Фудбалски терен со површина од 500м2 со квалитетна вештачка трева
- ✓ Детско игралиште опремено со современа урбана опрема и реквизити
- ✓ изграден паркинг простор за околу 50 возила

## ТЕФЕРИЧ

2022/**23**

- ✓ РЕКОНТРУКЦИЈА на мултифункционално спортско игралиште со површина од 700 квадратни метри, на кое се игра кошарка, фудбал и одбојка. Теренот ќе биде прекриен со вештачка трева
- ✓ ќе ги реконструираме трибините, ќе поставиме нова ограда и урбана опрема.
- ✓ Изградба на ново детско игралиште на 100 метри квадратни, со нови реквизити и урбана опрема.

## РЕКРЕАТИВЕН ЦЕНТАР **- УСЈЕ**

2022/**23**

- ✓ Се гради мини рекреативен центар во Усје, кај Крстот
- ✓ Површина околу 800 квадратни метри
- ✓ урбана опрема, клупи, детско катче, парковско зеленило





## **ОКСИГЕН -** „ТЕОДОР СТОЈАНОВСКИ ТОШЕ“

2022/**23**

- ✓ Наместо депонија, современ парк од 7500m2 во Оксиген, с. Драчево
- ✓ Рекреативен парк на површина од 7500m2
- ✓ детски катчиња, сквер, патеки, летниковци и фитнес справи
- ✓ нови фудбалски и кошаркарски игралишта
- ✓ осветлување
- ✓ голема површина на зеленило  со систем за самонаводнување преку атмосферски бунар
- ✓ поставена биста и реименување на паркот во чест на загинатиот бранител Теодор Стојановски -

## **ПОДСТАНИЦА**



2022/**23**

- ✓ ново фудбалско игралиште
- ✓ ново кошаркарско игралиште
- ✓ ново детско катче со модерни реквизити.
- ✓ мини плоштад

## **НОВ** ПАРКИНГ И **РЕКОНСТРУИРАН** ПАРК ВО ДРАЧЕВО

2022/**23**

- ✓ Површина од околу 700 квадратни метри
- ✓ реконструирано детското катче, поставени се нови реквизити
- ✓ изграден терен за мал фудбал и за кошарка
- ✓ изграден и сквер со урбана опрема, клупи и чешма,
- ✓ во непосредна близина изграден е и нов паркинг за околу 30 возила.
- ✓ просторот е надополнет со парковско зеленило.

## **ООУ „ПАРТЕНИЈА ЗОГРАФСКИ“**

2022/**23**

- ✓ Целосна реконструкција на повеќенаменското и кошаркарското игралиште
- ✓ Замена на дотраената подлога со нов асфалт, обновена оградата околу игралиштето на кошаркарското игралиште.
- ✓ Поставена нова висококвалитетна вештачка трева на површина од 935 м2,
- ✓ замена на оштетените заштитни мрежи зад головите, а обновени оштетените клупи на трибините.

## РЕНОВИРАНА СПОРТСКА САЛА ВО **ООУ „НЕВЕНА ГЕОРГИЕВА ДУЊА“**



2022/**23**

- ✓ инвестиција вредна 4 милиони денари
- ✓ Во училишната спортска сала е извршена целосна термоенергетска обнова на ѕидовите. На подот кој има површина од 430 квадратни метри е поставен паркет.
- ✓ Целосно е променета електричната инсталација и осветлувањето, саниран е и системот за вентилација.
- ✓ Соблекувалните и помошните простории се варосани и обложени со плочки, а променета е и влезната врата.
- ✓ Санација претрпе и постоечката кровна покривка. Спортските реквизити беа санирани и репарирани, а извршено е дополнување со нови.
- ✓ На барање на Општина Кисела Вода, БЕГ постави нов приклучок со потстаница, со што салата доби и парно греење.



## ДУПКИ, **ПАРК „ФЕНИКС“**

2022/**23**

- ✓ На местото од огромната депонија изграден парк од 5000 м2 со урбана опрема и осветлување, со мини полигон за деца со велосипеди
- ✓ Изградено првото кино на отворено
- ✓ наскоро започнува изградба на мултифункционален спортски терен кој ќе има и зиплајн



# ОСТАНАТИ **ПРОЕКТИ**

- ✓ Изграден паркот “Иднина”, на кружниот тек
- ✓ Изграден зелен сквер во Расадник
- ✓ Се гради парк во населба Градинар
- ✓ Реконструирано е целосно детското игралиште во парк Македонија, УЗ Кисела Вода, изградено е ново фитнес игралиште, уште едно детско катче во форма на брод, и новитет- трамболина за деца
- ✓ детско и фитнес игралиште во Бирарија на ул. Томе Арсовски
- ✓ поставена урбана опрема и реквизии за детско игралиште во парк под ул. Јустинијан I, населба Драчево
- ✓ Поставена урбана опрема, летниковец со клупи и реквизити за детско игралиште на ул. Михаил Чаков
- ✓ Поставена урбана опрема, летниковец со клупи на ул. Борис Трајковски, спроти АутоМакедонија
- ✓ Изградена велосипедска патека на улицата “Наум Охридски” во Црниче, чекор кон создавање велосипедска инфраструктура низ Кисела Вода 600метри
- ✓ Реконструкција на игралиштето на улицата “Јабланица”- спортски центар Пинтија
- ✓ Реконструирана фонтаната во паркот Шопен
- ✓ Осветлено детското катче во Паркот на бранителите во Драчево
- ✓ Започна со изградба нов парк на шахот во населба 11 Октомври Бараки
- ✓ започната е изградбата на нов парк со плоштад во населбата 11 Октомври Бараки
- ✓ Ново кошаркарско изгралиште и паркинг во населбата 11 Октомври Бараки (Пошумени)
- ✓ Изградба на плоштад и уредување на просторот во Пинтија
- ✓ Започна со изградба на рекреативно туристичко место „Покрсти“, со патека долга 8 километри.





Ранче за секое прваче
КИСЕЛА ВОДА ЗА СИТЕ
www.kiselavoda.gov.mk

# ГРАДИНКИ И ОСНОВНИ УЧИЛИШТА

## 2021 - 2022 - **2023**



# ГРАДИНКИ И ОСНОВНИ УЧИЛИШТА

## 2021/22

- ✓ Во завршна фаза новата детска градинка во Усје со проектиран капацитет од 105 деца.
- ✓ Ставена во функција новата градинка „Пеперутка 3“ во Драчевосо проектиран капацитет од 110 деца.
- ✓ Во фаза на подготовка е документацијата за нова градинка во Расадник.
- ✓ Проширен капацитет на градинка „Синоличка“.
- ✓ Проширен капацитет на објект Кокиче, ЈДГ „Весели Цветови“ со проекција за 100 деца.
- ✓ После две децении, обезбедено комбе за транспорт на храна, нови постелнини, ТВ и играчки за децата од ЈДГ „Весели Цветови“.
- ✓ Обезбедени три смарт телевизори за ЈДГ „8 Март“.
- ✓ Дезинфекција со озон во две градинки во Кисела Вода






- ✓ Реализиран проектот „Ранче за секое прваче“ - сите првачиња од Општина Кисела Вода добија бесплатни ранци и училишен прибор.
- ✓ Времено ангажирани негуватели во јавните детски градинки и негуватели за стари лица.
- ✓ Доделени парични награди за најдобрите ученици, спортисти и просветни работници од Кисела Вода:
  - ✓ Наградени 53 талентирани ученици од основните училишта на територија на Општина Кисела Вода;
  - ✓ Наградени 19 наставници и стручни соработници за посебен придонес во наставата и образовниот прооцес;
  - ✓ Наградени 26 вработени во детските градинки.
- ✓ Обезбедени 17 смарт табли распоредени во сите основни општински училишта.
- ✓ Изградени две сензорни соби во ООУ „Кузман Шапкарев“ и ООУ „Кузман Јосифовски Питу“.
- ✓ Реновирана спортската сала во ООУ „Невена Георгиева Дуња“.



# ГРАДИНКИ

2022/**23**



- Отворена првата јавна детска градинка во  Усје, “Симба”, првата целосно инклузивна градинка која функционира во состав на ЈДГ “Весели Цветови” за 100 деца
- Ставање во функција на нова детска градинка „Пеперутка 3 “ во нас. Драчево чиј капацитет на згрижување е 110 деца.
- Проширување на капацитетот на градинката “Кокиче”и зголемување на капацитетот за нови 140 дечиња.Опремувањето на објектот во делот на кујнска опрема и мебел е од страна на МТСП,  додека во делот на градежните работи во неговата внатрешност е од страна на Општина Кисела Вода
- Проширен капацитет на градинка “Синоличка”
- Изготвен е проект и обезбедени се средства за доградба на нов објект во дворот на градинката “Кокиче”.
- Изготвен е проект за нова градинка во Расадник
